# S-WORK

ЈУЛИ 2020, БРОЈ 94





# Сексуалните работници не смеат да бидат отфрлени од мерките за заштита од КОВИД-19

Пандемијата КОВИД-19, како и другите здравствени кризи, ги истакнува постоечките нееднаквости и несразмерно ги погодува луѓето кои веќе се криминализирани, маргинализирани и живеат во финансиски несигурни ситуации, честопати надвор од мерките и механизмите за социјална заштита.

Во овие тешки времиња, Глобалната мрежа на проекти за сексуална работа (NSWP) и UNAIDS сакаат да обрнат внимание кон потешкотиите, проблемите и грижите со кои се соочуваат сексуалните работници на глобално ниво и ги повикуваат земјите да обезбедат почитување, заштита и исполнување на правата на сексуалните работници.

Како резултат на пандемијата КОВИД-19, сексуалните работници се соочуваат со потешкотии, тотална загуба на приходите и зголемена дискриминација. Криминализацијата на различните аспекти на сексуалната работа во повеќето земји придонесува за зголемување на веќе несигурната состојба на сексуалните работници во неформалната економија. Бидејќи сексуалните работници и нивните клиенти се изолираат, сексуалните работници остануваат незаштитени, се повеќе ранливи и не можат да се грижат за себе и за своите семејства.

Организациите предводени од сексуални работници од сите региони известуваат за недостатокот на пристап до националните мерки за социјална заштита и исклучување на сексуалните работници од мерките за итни случаи за социјална



заштита, донесени за други работници, особено во земји каде сексуалната работа е криминализирана. Секогаш кога и каде е возможно, сексуалните работници одговорно се самоизолираат како одговор на повиците за заштита од страна на властите. Меѓутоа, кога тие се исклучени од мерките за социјална заштита, сексуалните работници се соочуваат со ставање на нивната безбедност, здравствената состојба и нивните животи под зголемен ризик само за да преживеат.

NSWP и UNAIDS, исто така, се загрижени во однос на казнените мерки против сексуалните работници, што резултираат со рации по домовите, задолжително тестирање за КОВИД-19, апсење и закана за депортација на мигранти сексуални работници.

UNAIDS ги повикува државите да преземат итно, критичко дејствие, засновано врз принципите за почитување на човековите права, да го заштитат здравјето и правата на сексуалните работници. Мерките треба да вклучуваат:

- Пристап до национални програми за социјална заштита на сексуални работници, вклучително и програми за поддршка на приход.

- Поставување заштитен ѕид помеѓу здравствените услуги и имиграционите власти со цел да се осигура дека сексуалните работници мигранти можат да пристапат до здравствени услуги.

- Итна финансиска поддршка за сексуалните работници со кои се соочуваат со сиромаштија, особено мигрантите кои не се во можност да пристапат до финансиска поддршка базирана на престој.

- Итно запирање на иселувањето и пристап до соодветно домување за итни случаи за бездомни сексуални работници.

- Итно запирање на рациите во домовите за сексуални работници и просториите во кои работат сексуалните работници и осигурување дека сите мерки за заштита на јавното здравје се пропорционални.

- Итно запирање на апсењата и гонењето за активности поврзани со сексуална работа, казнување и криминализација на сексуалните работници.

- Итно запирање на употребата на кривичното право за спроведување на ограничувања поврзани со КОВИД-19, вклучително и присилно тестирање за КОВИД-19 и сродни гонења.

- Автоматско продолжување на важноста на визите на оние кои им е потребно, поради ограничувањето при патување.

- Вклучување на сексуалните работници  и организациите предводени од сексуални работници во групи за планирање на јавно здравје во итни случаи.



# Ситуацијата на сексуалните работници се влошува за време на пандемијата поради немањето мерки за нивна заштита и помош

Кога Владата на Камерун, Централна Африка им нареди на сите да останат дома како дел од рестриктивните мерки за спречување на ширењето на КОВИД-19, Мари-Џен Оумару (ова не е нејзиното вистинско име) побрза да купи намирници и да ги однесе нејзините три деца на село кај роднини.

Сметајќи дека нејзините деца се во безбедни раце, таа се надеваше дека сѐ уште може да работи.

„Не сфатив колку е тешко да работиш за време на затворањето", вели таа. „Ова нема смисла за нас, сексуалните работници".

Мари многу добро ги познава сите улици и хотели каде работат сексуалните работници во главниот град на Камерун, Јаунде, во текот на изминатите 10 години. Откако нејзиниот сопруг ја напуштил пред 10 години, таа останува сама со своите мали деца. Во 2010 година, започнува да работи како сексуална работничка со цел да им ги овозможи основните потреби на своите деца. Мари ги знае сите повозрасни жени, поранешни сексуални работнички, кои мора да ги плаќа за пристап до безбедни места за работа. Но сега, ниту безбедните места не се безбедни. КОВИД-19 го смени нејзиниот живот преку ноќ.



„Хотелите се затворија, клиенти скоро и да нема, полицијата е постојано наоколу, не можам да преживеам“, вели таа.

Дениз Нгачоу, извршен директор на Horizons Femmes, невладина организација која им помага на жени од ранливи категории, вели дека е шокирана од целата ситуација поврзана со сексуалните работници кои одеднаш станале мета на полицијата.

„Полицијата апси жени и ги држи во притвор, без да дадат било какви информации“, вели таа. „Се чувствувавме немоќни затоа што Владата е таа која ги носи сите рестриктивни мерки за КОВИД-19“.

„Едноставно, сè стана многу покомплицирано за време на КОВИД-19“, вели таа. „Жените немаат пристап до здравствени прегледи поради проблеми со транспортот, додека пак нашиот правен експерт не е во можност да пристапи во полициските станици со цел да ги одбрани уапсените жени сексуални работници. Ја чувствувавме затвореноста на повеќе начини“.

Нгачоу сепак смета дека нема причина за откажување. Организацијата е се уште отворена да нуди помош на ранливите жени, да им обезбеди навремено ХИВ тестирање и други услуги, секако со почитување на превентивните мерки.

„Иако ни беше наметнато, да ги затвориме нашите услуги и да забраниме посети, но сепак продолживме понатаму, онолку колку што можеме, давајќи им на совети на жените за заштита од коронавирус, со цел да бидат запознаени за потенцијалните опасности“, вели Дениз.

Нивната организација започнала со делење на заштитни средства и маски помеѓу нивните целни групи, преку проекти за донации. Сепак, ситуацијата е малку повеќе од алармантa, на сексуалните работници им е потреба финансиска поддршка во овие тешки моменти.

„Сметам дека со олеснувањето на законите против сексуалната работа и прекинувањето на произволните апсења на сексуалните работници, ќе се намали негативното влијание на пандемијата врз нив“, вели таа.

На крајот, таа верува дека со казнувањето на сексуалните работници само се влошува ситуацијата.

„Сексуалните работници се кријат за да работат, а со тоа се зголемува веројатноста да се заразат од Коронавирусот или да придонесат за негово ширење, што не би било така, доколку постојат владини мерки за нивна заштита и помош“.

Таа додава, дека ова не се однесува само за КОВИД-19, туку и за ХИВ.

Уште од почетокот на април, UNAIDS and NSWP укажаа за посебните тешкотии и проблеми со кои се соочуваат сексуалните работници на глобално ниво. Тие повикаа земјите да обезбедат мерки за почитување, заштита и исполнување на човековите права на сексуалните работници.

„Властите треба да разберат дека ние не ја промовираме сексуална работа, ние промовираме добро здравје“, додава Дениз. „Тоа ни е приоритет“.



# Развиени протоколи за лична хигиена, според кои сексуалните работници треба да се придружуваат



Група организации предводени од сексуални работници развиле протокол за одржување лична хигиена, за кој веруваат дека може да придонесе во спречување на ширењето на коронавирусот, доволно за да можат сексуалните работници повторно да започнат со работа. Мерките вклучуваат препораки за заштита на сопственото и туѓото здравје, како на пример,  промена на постелнината по секој клиент и дезинфекција на работното место, а сексуалните работници треба да работат самостојно без групирање или споделување ист работен простор.

SekswerkExpertise, платформа која се залага за подобрување на позицијата на сексуалните работници, го креираше протоколот врз основа на веќе развиени протоколи за заштита при работа и одржување лична хигиена наменети за други професии, на кои веќе им е дозволено да започнат со работа, како фризери и козметичари. Како што тековните мерки на коронавирус во моментот стојат, најверојатно сексуалната работа ќе биде забранета до септември. Но, со овој протокол, секторот се надева дека ќе може повторно да започне со работа што е можно поскоро.

Покрај менувањето на постелнината и ограничувањето на клиентите, протоколот опфаќа и мерки како што се честа дезинфекција на сите предмети и општо работниот простор, често миење на рацете, туширање по секој контакт, избегнување на бакнување и директно дишење во лице.

Според организацијата на сексуални работници Proud, сексуалните работници се чувствуваат исклучени од сите мерки за помош за време пандемијата. Голем број сексуални работници во Амстердам биле приморани да се иселуваат затоа што веќе три месеци не биле во можност да плаќаат кирија. Некои од нив во моментов не можат да си ги дозволат основните потреби за живот, како што е топол оброк.

Сексуалните работници навистина ги почитуваат сите мерки за заштита, како и одржување на личната хигиена, а фактот што не им е дзволено да работат, само ги турка се повеќе во сиромаштија.



# „Во иднина сексуалната работа може да биде инспирација!“ – Трајче Јанушев

**Дијалог со Трајче Јанушев по повод Меѓународниот ден на сексуалните работници**

**Линк до изворниот текст објавен на glasnik.mk:**

Измина месец мај – месецот на работниците и квир заедницата. 2-ри јуни е Меѓународен ден на сексуалните работници, а тргнувајќи од идејата дека сечиј труд треба да е вистински вреднуван и почитуван, тогаш неминовно овој ден доаѓа како надоврзување на 1-ви мај, 9-ти мај и 17-ти мај. Неолибералната идеја ги морализира тие што не работат, традицијата тие што работат сексуална работа. Тие причини нè натераа да го избереме овој датум и да поразговараме со Трајче Јанушев – активист за човекови права, синдикалец од кластерот на сексуалните работници кој сега живее во Виена – градот кој не запрел со работа во текот на сите големи пандемии кои го зафатиле светот низ историјата.

**Никола Шиндре: „Трајче, кажете ми како е да се биде активист за основните човекови права и слободи, но и работничките права и обврски на сексуалните работници. Можеби физичката голотија заради природата на таа дејност ги открива подлабоките проблеми и хипокризии со кои се судира општеството во кое што живееме?“‘**

Трајче Јанушев: „После многу години работа на различни проекти за човекови права можам слободно да кажам дека закржлавеноста и неприфаќањето на широките маси за промена и почитување на правото на избор јавува фрустрација кај мене. Едноставно системот се потпира на некои одамна масовно прифатени вредности базирани на традиција, религија и национализам. Но, ваквата фрустрација кај мене многу брзо се претвора во мотивација за уште повеќе да бидеме гласни во борбата која ја водиме!

Слух кај одредени носители на одлуки сепак има, имаме неколку позитивни примери во Австрија. Вредно е да се напомене дека имаме отворена поддршка од Зелената партија, која е доста голема на политичката сцена и момемнтално е дел од владината коалиција во Австрија.

Кога зборуваме за сексуална работа, природно е и да зборуваме за работнички права! Тоа е се уште табу тема и неприфатливо за многумина. Иако голем дел од државите ја имаат легализирано сексуалната работа без да ги акцентираат работничките права на сексуалните работниците, што е тотален апсурд. Неодмана имав предавање со студенти по родови студи на Универзитетот во Виена на тема „Законски рамки за сексуалната работа“ и тука поголем дел од студентите веруваат дека легализацијата е решение. Но, тоа е само недоволно познавање на тематиката, и повторно ќе напоменам тоа се рецидиви на патријахално воспитување, кое дури и студенти кои се доста отворени на оваа тема ги носат со себе.

Низ дискусијата со студентите најдобро ме разбраа кога едноставно им објаснив дека во случајот со Австрија, државата е макро на сексуланите работници. Сексуалната работа тука е легализирана и бара од секој регистриран сексуален работник да исполнува правила и регулативи, а притоа да плаќа и одредени даноци, за возврат без никакви работнички права. Тоа е по дефиницја експлоатација! Тотално неприфатливо е да си дел од системот, но само кога треба да дадеш, а за возврат имаш нула бенефиции. И во Вашето прашање сте пишале: Обврски и работнички права, но тука имаме ситуација каде постојат само обврски наметнати од државата, но не и работнички права“.

**Н. Ш. Сексуалната работа е секаде стигматизирана, во некои општества повеќе, а некаде помалку, но во суштина таа сеуште е табу и тоа табу можеби во овие констелции на моќ нема да биде урнато. Како е постојано да си во борба со општеството, со власта, со клиентот и со секој еден што е подготвен да морализира?**

Т. Ј. Во времето во кое што живееме сексуалната работа е стигматизирана, но имаме во историјата периоди кога сексуалната работа воопшто не била стигматизиарана, напротив во одредени култури во минатото таа била и привилегирана, поточно само на припадници од повисоките класи им било дозволено да се занимаваат со истата. Што исто така е дискутабилно само по себе, но тоа е друга тема. Зашто оваа паралала со минатото? Затоа што токму преку историјата гледаме како тие морални вредности се менувале и се продуцирале од мејнстримот, а наметнати на сите оние кои „отстапуваат“ во заедницата. Лично не сакам да зборувам за морални вредности, почитување на колективно ниво да, но не и за перење мозок.

**Н.Ш. Ако ја прифатиме тезата дека средствата за производство треба да се во рацето на работниците, тогаш чекор поблиску сме до имплентирање на поеднакво општество со прифаќањето и регулирањето на сексуалната работа. Како да се организираат работниците од оваа дејност за да се стекнат со своите права?**

Т. Ј. Јас верувам во моќта на синдикалните движења, само така индивидулецот може да се избори за поголеми права. Во Австрија синдикатите се доста влијателни, постојат колективни договори кои го регулираат работниот однос ставајќи го работникот на прво место. Скоро и да не постои можност за манипулација од страна на работодавачот.

Само така и сексуалните работници ќе можат да се изборат за поголеми работнички права, преку колективи. Тоа е долг процес за кој треба да помине доста време. Стигмата и дискриминицајата прават длабоки рани во самата заедница на сексуалните работници. Многу малку од нив се свесни за потребите за промена и водењето на оваа борба. Шовинизмот, сексизмот и патријархатот ги ставаат постојано да стојат исправени на ѕидот на срамот!

**Н. Ш. Нашите синдикати во Северна Македонија се доста слаби. Можеби дел од синдикатите во јавните служби и претпријатија се имаат изборено да го задржат стариот (социјалистичкиот модел) на договори за вработувања, исплаќања, иако и таму е веќе скудно. Како да се промени оваа позиција?**



Т. Ј. Ќе те поправам Никола, никој за ништо се нема изборено во последниве некоку децинии во Македонија. Тоа се само остатоци од претходниот систем во комбинација со стекната позиција на моќ или привилегии.

Промената може и треба да се случи, јас верувам дека и тоа е тригерот кој треба да се случи за да се видат некакви промени во Македонија, како создавање на мали синдикати, колективни договори од кои нема да се одстапува.

Треба да се работи првенствено на развивање на свеста кај работникот и бенефициите кои што тој би ги добил со постоењето на функционален синдикат. Знаете, не можеме да зборуваме за идеологија во магла, мора работникот да знае што ќе добие, какви бенефиции ќе има, само така можеме да ја промениме постоечката матрица. Многу е едноставно, на крајот од денот сите ќе ги осетат бенефициите, на прво место работникот, но истовремено и државата! Кај нас со години се зборува за борбата против сивата економија, а без работнички права, без силни синдикати, оваа борба никогаш нема да биде добиена!

**Н. Ш. Регулацијата на сексуалната работа носи други предизвици, таа може да западне во либерално регулирање на дејноста (во кое што фирмата е пред индивидуата) и полевичарско во коешто трудот на работникот ќе биде ценет. Како да се избира кога си малтретиран од власта, а исмеван од колегите работници (мислам на работниците кои не се во таа дејност)?**

Т. Ј. Генерално движењето на сексуалните работници на глобално ниво има јасен став за ова прашање: Декриминализација на сексуалната работа. Но,

декриминализација на сите страни вклучени во сексуалната работа и признавање на работничките права. Легализација не е исто што и декриминализација. Мислам дека дел од одговорот на ова прашање го дадов и во моите претходни одговори. Либерално регулирање на дејноста е нешто што му одговара на капитализмот, каде што профитот е ставен на прво место. Генерално капитализмот не гази сите, вклучително и сексуалните работници.

**Н. Ш. Веројатно по пандемијата ќе има нов договор на светско ниво, но живеејќи во провинција не можеме да го здогледаме или насетиме. Како да ја замислуваат сите работници својата иднина за да можат за неа да почнат и да се борат?**

Т. Ј. За време на пандемијата ништо не е кристално јасно, па оттука не можеме да знаеме како системот ќе реагира понатаму. Сега за сега, од она што јас го согледувам е дека богатите држави до некаде водат грижа за работникот кој не работи, кој седи дома, за време на пандемијата. Но, по цена на оваа грижа која ја покажуваат некои од државите се засилуваат анти-мигрантските политики. Што доведува до еден невиден апсурд ако го земеме фактот дека повеќето сектори во овие држави се потпираат на работната сила токму од мигранти.

Мислам дека резултатот ќе биде ограничена слобода на движење и отежнат пристап на пазарот на трудот. Искрено, не можам да разберам кој би имал било какви бенефиции од таква иднина, напротив сите ќе изгубиме. Парадокси се случуваат и за време на пандемијата. Имаше скандали во неколку европски земји каде работодавците ги заклучуваа работниците-мигранти од Источна Европа од страв дека тие ќе си отидат, од друга страна Австрија, Франција и уште неколку земји за време на пандемијата организираа државен превоз на работници од Романија и Бугарија за да ги задоволат потребите од работна сила. Во Австрија цел еден дел од здравствениот систем – негата на стари лица се базира на работната сила од мигрантите, а истиот беше пред колапс за време на кризата.

**Н. Ш. Ако сексот не ослободува од негативната енергија насобрана во нас, тогаш неминовно треба да си го поставиме прашањето „Како сексуалната работа ќе ги ослободи сите работници?“ Повелете, завршете со тоа.**

Т. Ј. Сексуалната работа не може да ги ослободи сите работници. Можеби во иднина борбата за работнички права на сексуалните работници ќе биде инспирација за други маргинализирани професии, но тука зборуваме за некоја подалечна иднина.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од :

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА